УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

**Доц. д-р Тања Ангелкова Петкова, Доц. д-р Дејан Методијески,**
**Доц. д-р Никола Цуцулески**

# ИСТРАЖУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКИОТ ПАЗАР - ПРАКТИКУМ

Штип, 2016

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

**Доц. д-р Тања Ангелкова Петкова, Доц. д-р Дејан Методијески,**
**Доц. д-р Никола Цуцулески**

# ИСТРАЖУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКИОТ ПАЗАР - ПРАКТИКУМ

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

**Доц. д-р Тања Ангелкова Петкова, Доц. д-р Дејан Методијески, Доц. д-р Никола Цуцулески**

# ИСТРАЖУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКИОТ ПАЗАР - ПРАКТИКУМ

**Рецензенти:**
Проф. д-р Елизабета Митрева
Проф. д-р Нако Ташков
Проф. д-р Никола Димитров

**Лектор:**
Вангелија Цавкова

**Издавач:**
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

338.482:339.13(076)

АНГЕЛКОВА Петкова, Тања
Истражување на туристичкиот пазар [Електронски извор] : практикум / Тања Ангелкова Петкова, Дејан Методијески, Никола Цуцулески. - Текст во PDF формат, содржи 28 стр.. - Штип : Универзитет "Гоце Делчев", Факултет за туризам и бизнис логистика, 2016

Начин на пристап (URL): http://js.ugd.edu.mk/. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 20.09.2016. - Библиографија: стр. 28

ISBN 978-608-244-326-3
1. Методијески, Дејан [автор] 2. Цуцулески, Никола [автор]
а) Туристички пазар - Истражување - Практикуми
COBISS.MK-ID 101691402

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА

**Доц. д-р Тања Ангелкова Петкова, Доц. д-р Дејан Методијески,**
**Доц. д-р Никола Цуцулески**

# ИСТРАЖУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКИОТ ПАЗАР - ПРАКТИКУМ

Штип, 2016

## СОДРЖИНА

ПРЕДГОВОР ........................................................................................ 7
Вежба бр. 1........................................................................................ 10
1. Подготвување на ракописот (за сите трудови)............................. 10
2. Цитирање на литература (за сите трудови) ................................. 10
3. Изработка на семинарски трудови .............................................. 13
4. Список на теми за семинарски работи по предметот Истражување на туристичкиот пазар.................................................................... 17
Вежба бр. 2........................................................................................ 18
1. Истражување на најголемите компании од оваа област ............. 18
Вежба бр. 3........................................................................................ 19
Вежба бр. 4........................................................................................ 20
1. Истражување на гастрономски настани во Македонија .............. 20
Вежба бр. 5........................................................................................ 21
1. Изработка на анкетен прашалник за задоволството на клиентите од предложените услуги ........................................................................ 21
Вежба бр. 6........................................................................................ 22
1. Дефинирање и видови извори на податоци ................................ 22
Вежба бр. 7........................................................................................ 23
1. Спроведување интервју и набљудување .................................... 23
Вежба бр. 8........................................................................................ 24
Вежба бр. 9........................................................................................ 25
Вежба бр. 10...................................................................................... 26
Вежби бр. 11 и 12.............................................................................. 27
1. Презентација на семинарски работи........................................... 27
Користена литература ...................................................................... 28

**ПРЕДГОВОР**

Практикумот е наменет за потребите на студентите на Факултетот за туризам и бизнис логистика за изготвување на вежбите и подготвување на испитот по предметот Истражување на туристичкиот пазар, кој се изучува на насоките Гастрономија, исхрана и диететика и Туризам во третиот семестар на втора година. Фондот на часови на овој изборен предмет е 2+1+1, а кредитите кои ги носи се четири.

Содржината на практикумот ја опфаќа потребната материја за вежбите по предметот Истражување на туристичкиот пазар, според наставната програма на Факултетот за туризам и бизнис логистика. Предвидената сновна литература е:

- Методијески, Д., Ангелкова Петкова, Т. и Цуцулески, Н. (2016). Истражување на туристичкиот пазар.

Дополнителна литература:

- Будиноски, М. Истражување на туристичкиот пазар (2010). ФТМ;
- Котлер, Ф., Бовен, Џ., Макенс, Џ. Маркетинг во хотелската индустрија и туризмот (2009). Дата Понс.

Предметната програма по предметот Истражување на туристичкиот пазар е составена од 12 предавања и тоа:

- Суштина и критериуми за класификација на туристичкиот пазар.
- Структура на пазарот и конкуренција.
- Карактеристики на туристичката понуда и побарувачка.
- Сегментација и димензии на туристичкиот пазар.
- Истражување на туристичкиот пазар: поим, историски развој и процес на истражувањето.
- Видови истражувања на туристичкиот пазар: експлораторно, дескриптивно и каузално.
- Дефинирање и видови извори на податоци.
- Примарни извори на податоци.
- Секундарни извори на податоци.

- Методи на собирање на податоци.
- Форми на собирање на податоци.
- Истражување на меѓународниот туристички пазар: дестинации, угостителски организации, сообраќајни претпријатија, туристички агенции и саеми за туризам.

Практикумот можат да го користат сите студенти на останатите факултети на кои се изучува предметот Истражување на туристичкиот пазар, но и останатите стучни кадри кои ја проучуваат оваа проблематика.

Практикумот е изготвен со цел да се унапреди наставата по предметот Истражување на туристичкиот пазар и да се подобри квалитетот на знаењето на студентите. Од тие причини, практикумот е изработен во дванаесет вежби. Првата вежба која е насловена Подготовка на ракопис, има за цел да им го доближи на студентите начинот на подготовка на труд, како се цитираат трудови, книги и сл. На тој начин, студентите ќе бидат подготвени да се справат со сите предизвици низ процесот на едукација.

Вежбата бр. 2 е насловена Истражување на најголемите компании од оваа област и тука, користејќи ги можностите кои ги нуди Интернетот, студентите треба да се запознаат со компаниите кои се занимаваат со истражување на туристичкиот пазат.

Вежбата бр. 3 е насловена Карактеристики на туристичката понуда и побарувачка. Имајќи ги предвид основите, суштината и критериумите за класификација на туристичкиот пазар, студентите треба да направат истражување на главните карактеристики на модерниот турист.

Вежбата бр. 4 е насловена Истражување на гастрономски настани во Македонија. Во оваа вежба, со помош на видовите истражувања на туристичкиот пазар, студентите треба да направат истражување на гастрономските настани во Република Македонија, како и да подготват извештај од истражувањето.

Вежбата бр. 5 е насловена Изработка на анкетен прашалник за задоволството на клиентите од предложените услуги. Во оваа вежба, од студентите се бара да состават прашалник кој треба да содржи минимум 15 прашања. Студентите се поделени во три групи. Првата група изготвува прашалник за хотел, втора група за ресторан, третата група за туристичка агенција.

Вежбата бр. 6 е насловена Дефинирање и видови извори на податоци. Во оваа вежба преку екстерни извори на податоци, студентите треба да утврдат кои се најбројни туристи во Македонија за минатата година и каква е нивната структура (возраст, пол, едукација итн.).

Вежбата бр. 7 е насловена Спроведување интервју и набљудување. Во оваа вежба, студентите, преку користењето на методите на собирање податоци, треба да направат интервјуа или метод на набљудување да се користи за некој хотел по избор.

Вежбата бр. 8 е насловена Планирање и развој на нов туристички производ во вашиот крај. Целта на вежбата е студентите преку фазите од процесот на планирање и развој на нов туристички производ да предложат 1-3 нови туристички производи кои можат да се понудат во нивниот крај.

Вежбата бр. 9 е насловена Преку методот на набљудување направете анализа на туристичката понуда на угостителските објекти во вашиот крај. Студентите во оваа вежба работат во групи и преку методот на набљудување прават анализа на туристичката понуда на угостителските објекти во нивниот крај. Студентите треба да изберат 2-3 туристички производи и да ги анализираат нивните карактеристики, цена, вредност за пари и слично.

Вежбата бр. 10 е насловена Истражување на меѓународниот туристички пазар: дестинации. Во оваа вежба, преку методите и формите на собирање на податоци, а со помош на видовите истражувања на туристичкиот пазар, студентите работат на истражување на нова туристичка дестинација во меѓународни рамки.

Вежбите бр. 11 и 12 се насловени Презентација на семинарски работи. Во оваа вежба студентите имаат задача да ги презентираат своите проектни задачи кои ги подготвиле по претходно избрани теми.

Вежбите се индивидуални и групни. За време на вежбите, секој студент добива податоци и се повикува на креативно применување на здобиеното знаење. На тој начин студентот врши самопроверка на знаењето, а воедно и одговорните лица, со цел да се утврди до кој степен се усвоени методските единици. Секоја активност на часот е вреднувана со соодветен број на кредити и поени кои влијаат на конечната оцена.

*Од авторите*